НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

18-та СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 4 – ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ
(Поглавје 24)

Тема: „Новиот пакт за миграција и азил: безбедносни и интегративни предизвици во Европа со фокус на Западниот Балкан и Република Северна Македонија“

ПРЕПОРАКИ

1. Да се развие и имплементира интегриран и долгорочен национален пристап кон миграцијата, усогласен со Резолуцијата за миграциска политика 2021–2025 и Новиот пакт за миграција и азил на ЕУ, кој јасно ќе ги дефинира националните приоритети, надлежностите и механизмите за координација меѓу институциите.

2. Со цел натамошно унапредување на Интегрираното гранично управување во согласност со ЕУ стандардите и релевантните регулативи, потребно е:

- зајакнување на институционалните, човечките и финансиските капацитети на Република Северна Македонија која од транзитна земја на Западнобалканската рута, се повеќе станува земја на дестинација;
- унапредување на меѓуинституционалната координација, со јасно дефинирани надлежности и механизми за соработка;
- градење на соодветни капацитети за поефикасно спроведување на миграциските политики, со посебен фокус на развој и примена на аналитички и прогностички алатки за навремено следење и предвидување на миграциските трендови, во согласност со европските стандарди и добри практики;
- обезбедување континуирана и системска поддршка од Европската Унија, вклучително и финансиска и техничка помош.

3. Иако значителен дел од нормативната и институционалната рамка во областа на миграцијата е веќе унапреден и функционален, неопходно е понатамошно јакнење на квалитетот, конзистентноста и практичната примена на постојните механизми, со цел системот целосно и одржливо да одговори на стратешките насоки и барања утврдени во Резолуцијата на политиката за миграции 2021/2025, како и на обврските што произлегуваат од меѓународното и европското право. Во таа насока, потребно е:

- конзистентна примена на обврските што произлегуваат од Женевската конвенција за статусот на бегалците (1951), Европската конвенција за човекови права и правото на Европската Унија, со посебен фокус на практичната примена на принципот не-одбивање (non-refoulement);
- унапредување на механизмите за индивидуална проценка на барањата за меѓународна заштита, со обезбедување ефективен пристап до азил и правна помош во сите фази на постапката;

- зајакнување на системите за независен мониторинг и отчетност во спроведувањето на мерките за гранична контрола и спречување на нерегуларна миграција, со цел гарантирање на пропорционалност и заштита на фундаменталните права;
- продлабочување на оперативната координација со европските партнери, вклучително и Фронтекс, преку редовни заеднички проценки, надзор и усогласување со европските стандарди и добри практики.

4. Потребно е интензивирање на дипломатските активности за склучување и ефективна примена на договори за реадмисија со земјите на потекло, со цел обезбедување функционален и правно одржлив систем за враќање, паралелно со развивање јасни и оперативни интеграциски политики за мигрантите и лицата под меѓународна заштита кои престојуваат или одлучуваат да останат во Република Северна Македонија. Иако земјата не е примарна дестинација за миграција, мала но стабилна група лица добива привремена или меѓународна заштита, како и дозволи за престој и работа, што наметнува потреба од сеопфатни политички концепти и соодветна правна рамка усогласена со безбедносните, демографските и развојните аспекти. Во таа насока, потребно е:

- воспоставување јасна законска и институционална рамка што ќе ги поврзе безбедносните, демографските и развојните аспекти на миграцијата;
- обезбедување ефективен пристап до пазарот на труд преку признавање на квалификации, валоризација на претходно стекнати вештини и активни мерки за посредување при вработување, особено во сектори со недостиг на работна сила;
- развивање програми за учење на македонски јазик, социјална инклузија и локална интеграција;
- координирана соработка меѓу институциите, локалната самоуправа и приватниот сектор со цел одржлива економска и општествена интеграција.

5. Да се унапреди и оптимизира примената на постојните формални процедури за работна миграција утврдени во Законот за странци,[1] преку поефикасна и координирана имплементација на режимите за привремен престој заради вработување, сезонска и висококвалификувана работа, компаниски трансфер и самовработување. Во таа насока, потребно е поедноставување и дигитализација на процедурите, скратување на роковите за одлучување, подобрена меѓу институционална координација и стратешко насочување на дозволите кон дефицитарни сектори, во согласност со потребите на пазарот на труд и демографските трендови. При креирањето на овие политики, потребно е да се земат предвид европските практики и искуства, особено моделите кои даваат приоритет на привлекување и задржување на високо квалификувани кадри, со цел поддршка на економскиот развој и зголемување на конкурентноста на националната економија.

6. Одливот на млади и високообразовани лица да се третира како стратешки миграциски и развоен приоритет, преку трансформација на концептот „brain drain“ во „brain circulation“, односно поттикнување на циркуларна и повратна миграција, трансфер на знаење, иновации и инвестиции од дијаспората. Во таа насока, потребно е развивање координирани политики за задржување и реинтеграција, усогласени со европските иницијативи за Talent Partnerships

[1] УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ, 2025 година.

и мобилност на квалификувана работна сила, со цел зајакнување на конкурентноста, иновативниот капацитет и долгорочниот економски развој на државата.

7. Потребно е натамошно унапредување и институционализирање на структурирани механизми за координација меѓу јавното обвинителство, судовите, Министерството за внатрешни работи и граничните служби, со цел поефикасно откривање и гонење на организираниот криминал поврзан со миграциите, при целосно почитување на независноста и автономијата на правосудството. Истовремено, неопходно е усогласување и понатамошно јакнење на правосудните политики и практики во согласност со Новиот пакт за миграција и азил на ЕУ, особено во делот на гарантирање на правна заштита, ефективен пристап до правда, брзи и правични постапки и обезбедување делотворни правни лекови за мигрантите и лицата под меѓународна заштита.

8. Да се зајакне системот за собирање, обработка и анализа на миграциските податоци преку стратешки инвестиции во современи ИТ решенија, целосна дигитализација и постепена замена на застарените информациски системи со интегрирани и интероперабилни платформи. Навременото, координирано и стратешко одлучување може да се постигне преку релевантни и доверливи податоци и преку континуирана меѓународната соработка со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС), Меѓународната организација за миграции (ИОМ) и Канцеларијата на Високиот комесар на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР). Истовремено, потребно е обезбедување целосна усогласеност со стандардите за заштита на личните податоци, во согласност со Општата регулатива за заштита на податоци (GDPR) и националното законодавство, преку јасно дефинирани правила за пристап, размена, чување и обработка на чувствителни податоци, како и воспоставување соодветни механизми за надзор и отчетност.

9. Да се разгледа можноста, преку иницирање на регионални конференции и експертски средби, за воспоставување Регионален оперативен механизам за управување со миграциските текови на Западнобалканската рута, со активно учество на Република Северна Македонија и соседните држави, во рамки или како надградба на постојните платформи (MARRI и Прашкиот процес). Механизмот треба да овозможи редовна размена на оперативни информации, координирани активности за заедничко управување со границите, користење заеднички алатки за анализа на ризици и усогласување на процедурите со европските стандарди, со финансиска и техничка поддршка од Европската Унија.

10. Да се зајакне структурираниот и континуиран дијалог, како и практичната соработка меѓу државните институции, локалните самоуправи, граѓанското општество и академската заедница, со цел креирање поодржливи, инклузивни и ефективни миграциски политики, засновани на знаење и докази, и нивно постепено и доследно усогласување со европските стандарди и добрите практики.

11. Создавање услови за ефективно спроведување и мониторинг на препораките, со цел да се обезбеди нивна усогласеност со европските и меѓународните стандарди, вклучително и преку интегрирање на принципите за заштита на човековите права и родова еднаквост во релевантните политики, мерки и рамки за соработка.